**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-1840/4
Датум: 17.11.2025 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 75 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/ 2019), Деканатската управа на седницата одржана на 17.11.2025 година, донесе

# ОДЛУКА

за цената за презапишан предмет на втор циклус студии на ФЕИТ

1. Студентите запишани на некоја од студските програми на втор циклус на студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје кога презапишуваат по прв пат неположен предмет уплаќаат 50 евра (во денарска противвредност) по предмет.

2. Ако студентот, во семестарот кога е должен да пријави тема за изработка на магистерски труд (најдоцна по истекот на три редовно запишани семестри од уписот) нема пријавено тема, тој е должен да уплати 100 евра (во денарска противвредност), на име презапишување на магистерскиот труд по прв пат.

3. Студентите кои во рокот од една година по презапишувањето на предметите согласно точка 1 од оваа одлука не ги положат, при наредното запишување го плаќаат целиот износ на кредитии за предметот што го презапишуваат.

4. Студентите кои по презапишувањето на магистерскиот труд согласно точка 2 од оваа одлука не пријават тема до завршување на семестарот, при наредното запишување го плаќаат целиот износ на кредити за магистерски труд.

5. Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлука за цена за презапишан предмет на втор циклус студии на ФЕИТ, со бр. 02-282/3 од 22.2.2021 година.

6. Одлуката да се достават до: Управата, веб страницата, Одделението за студентски прашања, сметководството, општата служба и архивата на ФЕИТ.

Декан
Проф. д-р Владимир Атанасовски